СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата



**Дирекција за тргување и девизен пазар**

**Дневни финансиски вести** **03 Мај 2012**

## Издвојуваме:

Прометот на домашниот девизен пазар вчера изнесуваше ЕУР 31,5 млн. Меѓу банките беа истргувани вкупно ЕУР 3,45 млн., од кои ЕУР 2,35 меѓу маркет- мејкерите. Цени се движеа меѓу 61,50 и 61,67.

На вчерашната аукција на благајнички записи се формираше пондерирана каматна стапка од 3,93%. Највисоката прифатена беше 3,99%, а најниската 3,40%. Тендерот изнесуваше МКД 5,900,000,000, а беа одбиени МКД 520,000,000.

МинФин објави Проспект за аукцијата што треба да се одржи на 8- ми мај. Понудени за продажба се 3- месечни ДЗ без девизна клаузула, во износ од МКД 1,750,000,000 и каматна стапка од 4,20%.




За ликвидносни потреби и тргување може да се купуваат/ продаваат веќе издадените државни хартии од вредност на секундарниот пазар.

Индикативни цени на државни записи на секундарен пазар

| Датум на аукција | Ознака на аукција | Датум на доспевање | Денови до доспевање | Каматна стапка | Девизна клаузула | Куповен принос на SB | Продажен принос на SB |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3-Jan-12 | **ДЗ2012/01-182dk** | 4-Jul-12 | 62 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 7-Feb-12 | **ДЗ2012/02-196dk** | 22-Aug-12 | 111 | 4,10% | dk | 4,40% | 4.00% |
| 21-Feb-12 | **ДЗ2012/08-84dk** | 16-May-12 | 13 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 21-Feb-12 | **ДЗ2012/07-84** | 16-May-12 | 13 | 4,20% | - | 4,40% | 4.00% |
| 6-Mar-12 | **ДЗ2012/09-91** | 6-Jun-12 | 34 | 4,20% | - | 4,40% | 4.00% |
| 6-Mar-12 | **ДЗ2012/10-91dk** | 6-Jun-12 | 34 | 4,10% | dk | 4,40% | 4.00% |
| 6-Mar-12 | **ДЗ2012/03-182dk** | 5-Sep-12 | 125 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 13-Mar-12 | **ДЗ2012/11-91** | 13-Jun-12 | 41 | 4,20% | - | 4.40% | 4.00% |
| 13-Mar-12 | **ДЗ2012/12-91dk** | 13-Jun-12 | 41 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 3-Apr-12 | **ДЗ2012/13-91** | 4-Jul-12 | 62 | 4,20% | - | 4.40% | 4,00% |
| 3-Apr-12 | **ДЗ2012/14-91dk** | 4-Jul-12 | 62 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 17-Apr-12 | **ДЗ2012/15-91** | 18-Jul-12 | 76 | 4,20% | - | 4,40% | 4,00% |
| 17-Apr-12 | **ДЗ2012/16-91dk** | 18-Jul-12 | 76 | 4,10% | dk | 4,40% | 4,00% |
| 30-Apr-12 | **ДЗ2012/17-98** | 8-Aug-12 | 97 | 4,20% | - | 4,40% | 4,00% |
| 30-Apr-12 | **ДЗ2012/18-98dk** | 8-Aug-12 | 97 | 4,10% | dk | 4,40% | 4,00% |
| 30-Apr-12 | **ДЗ2012/04-189dk** | 7-Nov-12 | 188 | 4,10% | dk | 4,40% | 4,00% |

Референтни каматни стапки

| Валута 04/05 | o/n | 1 week | 1 m | 3m | 6m | 9m | 12m |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Libor USD** | 0.14700 | 0.18860 | 0.23875 | 0.46585 | 0.72740 | 0.88680 | 1.04720 |
| **Libor CHF** | 0.03167 | 0.04333 | 0.07500 | 0.11167 | 0.18500 | 0.26700 | 0.39283 |
| **Euribor** | 0.343 | 0.316 | 0.401 | 0.704 | 0.992 | 1.154 | 1.303 |
| **Skibor** | 2.16 | 3.16 | 4.09 | 4.66 | 5.25 | 5.78 | 6.21 |

Извор: Reuters и НБРМ

Филм- Романтичната комедија Think Like a Man не ја предаде првата позиција на бокс офис листата. Комедијата адаптирана според книгата од Стив Харви, Act Like a Lady, Think Like a Man: What Men Really Think About Love, Relationships, Intimacy and Commitment по две недели поминати на бокс офисот заработи 60 милиони долари. Главните улоги во Think Like a Man ги толкуваат Тараџи П. Хенсон, Џери Ферара, Меган Гуд и Реџина Хал, а режијата беше доверена на Тим Стори.




Извор: Danske Bank

Поради вчерашните лоши податоци за PMI индексите во еврозоната и растечките стапки на невработеност, се појавија шпекулации дека ECB денес би можела да ја намали референтната каматна стапка која во моментов изнесува 1%. Иако официјално ниту еден од анкетираните аналитичари на Блумберг не очекува на овој состанок да има намалување, сепак изненадувања не се исклучени. Можеби Марио Драги на денешната прес-конференција која почнува во 14:30ч. ќе го подготвува теренот за намалување на каматните стапки во јуни, но сепак останува да почекаме до 13:45ч. кога ECB ја објавува својата одлука.

Вчера беа објавени податоците за Challenger layoffs на US кои покажаа дека економијата креирала нови 119,000 работни места, што беше под очекувањата за раст од 175,000. Сетот на податоци за американскиот пазар на труд продолжува и денес со објавувањето на Jobless claims и non- farm payrolls и стапката на невработеност утре. Сите економски податоци на US се мерат според тоа дали ја доближуваат или ја одалечуваат FED од нова QE3 програма.

Поради севкупно лошите податоци од еврозоната и американската економија вчера, светските берзански индекси паднаа, и инвеститорите повторно се свртеа кон US Treasuries и германските Bunds. Девижењето на EUR- USD се очекува да продолжи кон нивото од 1,30.

За денес покрај состанокот на ECB и прес- конференцијата на Марио Драги, значајни настани се и аукциите на шпанските, италјанските и француските обврзници.

Премиерот на Луксембург, Јункер потврди дека го напушта претседателското место во Eurogroup поради тоа што смета дека германско- француското влијание во менаџирањето на кризата е преголемо. На негово место најверојатно ќе дојде германскиот министер за финансии Шојбле кој силно ги подржува плановите за штедење и кратењето на буџетот. Интересно ќе биде да се види што ќе се случува во еврозоната ако во Франција победи Холанд кој не ги подржува мерките за штедење и смета дека преголемото намалување на буџетското трошење многу негативно влијае врз растот на економијата.

Поважни економски индикатори на Г7 земјите за денес

| | | |
|---|---|---|
| 13:30 | US | Challenger layoffs |
| 13:45 | EU | ECB rate decision |
| 14:30 | US | Jobless claims |
| 16:00 | US | ISM non- manufacturing index |

Интервалутни курсеви во 09:30 часот

| | | | |
|---|---|---|---|
| **EURUSD** | 1.3153 | **XAU** | 1645.41 |
| **EURCHF** | 1.2015 | **XAG** | 30.46 |
| **EURAUD** | 1.2764 | **Brent** | 118.11 |
| **EURGBP** | 0.8126 | **Copper** | 8401 |
| **EURJPY** | 105.55 | **Nickel** | 17430 |
| **USDJPY** | 80.25 | **Zink** | 2028.5 |

Извор: Reuters

Цени и приноси на државни обврзници

| рок | 2 години | | 3 години | | 5 години | | 10 години | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **земја** | **цена** | **принос** | **цена** | **принос** | **цена** | **принос** | **цена** | **принос** |
| **US** | 99.9688 | 0.2658 | 99.96875 | 0.3857 | 100.2422 | 0.8253 | 100.625 | 1.9295 |
| **В. Британија** | 103.342 | 0.427 | 105.959 | 0.538 | 103.263 | 1.038 | 117.293 | 2.05 |
| **Канада** | 98.9 | 1.311 | 98.888 | 1.415 | 99.63 | 1.579 | 105.793 | 2.108 |
| **Германија** | 100.296 | 0.09 | 106.011 | 0.186 | 100.818 | 0.576 | 101.18 | 1.622 |
| **Франција** | 106.656 | 0.582 | 107.476 | 0.931 | 100.021 | 1.745 | 100.115 | 2.986 |
| **Италија** | 99.793 | 3.136 | 97.988 | 3.764 | 100.52 | 4.682 | 96.415 | 5.55 |
| **Шпанија** | 99.971 | 3.415 | 99.686 | 4.107 | 97.887 | 4.779 | 99.81 | 5.872 |
| **Грција** | - | - | - | - | - | - | 24.387 | 20.585 |
| **Македонија** | | | | | 100.00 | 5.50 | | |

Извор: Reuters

Берзански индекси

| | 9:30h | претходен ден | +/- | 3-Jan-11 | +/- |
|---|---|---|---|---|---|
| DAX | 6710.77 | ↓ | -2.28 | 6075.52 | 10.46 |
| Dow Jones | 13268.57 | ↓ | -0.08 | 12217.56 | 7.92 |
| FTSE | 5758.11 | ↓ | -0.93 | 5572.28 | 3.33 |
| Nikkei 225 | 9380.25 | ↓ | -0.33 | 8455.35 | 10.94 |
| Hang Seng | 21203.5 | ↓ | -0.45 | 18824.3 | 12.64 |
| MBI- 10 | 1980.52 | ↓ | -0.09 | 1975.79 | 0.24 |




Извор: Reuters

За подетални информации обратете се во Дирекцијата за тргување и девизен пазар на следниве контакт лица:

Билјана Јованоска тел. 3295- 109; e- mail: biljana.jovanovska@stb.com.mk
Сашо Радевски тел: 3295- 108; e- mail: saso.radevski@stb.com.mk
Стојан Донески тел: 3295- 107; e- mail: stojan.doneski@stb.com.mk

Правни напомени:

Оваа публикација ја издава Стопанска Банка АД Скопје и е наменета за нејзините клиенти. Информативниот карактер на оваа публикација значи дека таа не може да служи како замена за сопствените проценки на било кој читател на оваа публикација. Информациите, мислењата, заклучоците, прогнозите и проекциите кои се изнесени во оваа публикација се засноваат на јавно достапни извори на податоци кои Банката ги користи, но за кои не гарантира.
Според тоа, Банката не сноси никаква одговорност за бизнис одлуките на клиентите кои се базираат на оваа публикација.